**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

MEMBER OF fdi

**Бр. 02-802/4**
**Скопје, 19.09.2022 година**

Врз основа *член 19 став 5* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Службен весник на РСМ бр. 118/2021) и член 3 и член 8 од Деловникот за работа на Собранието бр. 02-1046/12 од 27.10.2021 година, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата **13-та** седница, одржана на **06.09.2022** година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за верификација на мандати на делегати во Собранието на СКМ од РО КУМАНОВО и РО АЕРОДРОМ

**Член 1**

За делегат во Собранието на Стоматолошката комората на Македонија од ***Регионален одбор Куманово,*** *за подрачјето на општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково* се избира **д-р Емица Младеновсќа Спасиќ.**

За делегат во Собранието на Стоматолошката комората на Македонија од ***Регионален одбор Аеродром,*** *за подрачјето на општина Аеродром* се избира **д-р Тереза Болис Ѓуриќ.**

**Член 2**

Избраните делегати имаат мандат, права и обврски согласно одредбите на Статутот на Комората.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Одлуката се носи поради усогласување на одредбите од новиот *Правилник за избори и отповикување на членови на регионалните одбори, Собранието, Претседател на Комората и другите органи на Комората*, усвоен од Собранието на Комората на ден 25.03.2022 година, со одредбите од Статутот на Комората, објавен во *Службен весник на РСМ бр. 118/2021 од 01.06.2022 г.*

Согласно **член 19 од Статутот на Комората**, објавен во *Службен весник бр. 118/2021 од* ***01.06.2022 г.,*** Собранието е составено од **51 делегат.**

Согласно член 16 од новиот Правилник за избори, усвоен од Собранието на Комората на ден 25.03.2022 година, *бројот и подрачјата кои ги опфаќаат Регионални одбори се уредени со член 54 од Статут на Комората и од секој од утврдените Регионални одбори се делегираат членови во Собранието на Комората (најмногу пет), почитувајќи ја регионалната, етничката и половата застапеност, а во регионите кои се составени од повеќе општини задолжително се почитува и застапеноста на делегатите од помалите општини, и тоа:*

-***Регионален одбор Куманово,*** *за подрачјето на општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково* **– 4 делегати**, од кои поради принципот на правична застапеност, еден делегат задолжително е од Крива Паланка, Кратово, Ранковце или Старо Нагоричане и еден делегат задолжително е од недоминантно албанско членство;

- ***Регионален одбор Аеродром,*** *за подрачјето на општина Аеродром* **– 2 делегати**.

Ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
skm@skm.mk
www.skm.mk

Во Извештајот за конечни резултати од изборите за членови на Регионални одбори и делегати во Собранието на Централната изборна комисија на СКМ, за изборите одржани на 23.03.2018 г. и прегласувањето на 31.03.2018 г. е констатирано следното:

Од вкупно избраните **7 кандидати за РО Куманово**, и тоа: Снежана Стојмановска, Горанчо Колевски, Арбен Асани, Гордана Павловска, Мирсад Ибраими, Емица Младеновска Спасиќ и Маријан Денковски, како делегати во Собранието, согласно чл.20 ст.5 т.5 од тогаш важечкиот Правилник за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија *(арх. бр. 02-1684/1 од 22.12.2017 година),* во составот на Собранието како делегати биле избрани **три члена** и тоа: Снежана Стојмановска, Арбен Асани и Маријан Денковски.

Од вкупно избраните **4 кандидати за РО Аеродром**, и тоа: Емилија Стефановска, Марија М Манева, Боби Мицевски и Тереза Болис Ѓуриќ, во составот на Собранието како делегат бил избрани **еден член** и тоа: Емилија Стефановска.

Согласно одредбите на новиот Правилник за избори (арх. бр. **02-302/6 од 28.03. 2022 година),** ***од Регионален одбор Куманово,*** *за подрачјето на општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково* се предвидени ***4 делегати,*** а од ***Регионален одбор Аеродром,*** *за подрачјето на општина Аеродром* ***– 2 делегати .*** Од таа причина, согласно одредбите на Правилникот, стапува следниот член од Регионалниот одбор кој имал најголем број на гласови на последните одржани избори и тоа: **Емица Младеновска Спасиќ**, односно **Тереза Болис Ѓуриќ.**

Имајќи предвид дека **Емица Младеновска Спасиќ** и **Тереза Болис Ѓуриќ** за прв пат влегуваат како членови во овој состав на Собранието, Верификационата комисија на Собранието му поднесе извештај со предлог за верификација на мандатите, по што со мнозинство на гласови, мандатите беа верификувани и **Емица Младеновска Спасиќ** и **Тереза Болис Ѓуриќ** официјално станаа делегати во Собранието на СКМ и дадоа и потпишаа свечени изјави.

Поради наведеното се одлучи како во чл.1 на оваа одлука.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,**

**СОБРАНИЕ НА СКМ**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.